

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**

**12-20 април 2024 Билтен бр. 560**

# 63 ГОДИНИ ОД ПРВИОТ ЛЕТ ВО ВСЕЛЕНАТА

**Двочлена делегација од Општина Карпош предводена од претседателот на Советот, Бранко Ристов, му оддаде почит на советскиот космонаут Јуриј Гагарин, положувајќи свежо цвеќе пред неговиот споменик кој се наоѓа во населбата Козле. На настанот присуствуваа и претставници од Амбасадата на Руската Федерација, на дипломатскиот кор на Народна Република Кина, Србија, Босна и Херцеговина, како и претставници на политички партии и група на граѓани.**

**Имено, на денешен ден пред 63 година, Гагарин со неговото летало „Восток–1“ полетува во вселената од космодромот Бајконур и правејќи круг околу Земјата, успешно слетува во регионот Саратов. Со летот кој траел 108 минути, советскиот великан влегува во светската историја како првиот човек кој полетал во вселената.**

**На 7 април 2011 година, Генералното собрание на ОН го прогласи 12 април за Меѓународен ден на летање во вселената по повод 50-годишнината од првиот вселенски лет на Јуриј Гагарин, со кој почна истражувањето на вселената. Притоа, повеќе од 60 земји-членки на ОН станаа коавтори на оваа резолуција.**



# СО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ПОБРЗО ДО НОВИ ШТЕДЛИВИ СВЕТКИ ВО ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО КАРПОШ

**Стручни лица од секторите за Развој и Енергетска ефикасност од Општина Карпош денеска одржаа работен состанок со претставници на УСАИД од САД, Хрватска и Македонија, во рамки на проектот „Инвестиции во развивањето на средства во енергетскиот сектор (Инвестиции во енергија) – ИДЕА". Станува збор за проект кој финансиски ќе поддржи изработка на техничка документација од обласќа на енергетската ефикасност, наменет за објектите во надлежност на Општина Карпош, поточно за основните училишта и детските градинки кои се наоѓаат на нејзина територија.**

**На денешната средба која се одржа во просториите на локалната самоуправа се говореше за потребите и приоритетите на општина Карпош, во насока на изработка на техничка документација со цел, подобрување при имплементација на мерките за енергетска ефикасност. Инаку, проектот – ИДЕА е фокусиран кон зајакнување на инвестицискиот потенцијал на производството, на преносот и дистрибуцијата на електрична енергија и топлина, на начин кој е поволен за животната средина.**

**Поконкретно, тоа може да се реализира со поставување на централизирани системи за греење во воспитно – образовните институции во надлежност на Општината, со што би се подигнало и самото ниво на енергетска ефикасност во објектите.**



# УСВОЕН КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Во просториите на Универзитетот Скопје денеска се одржа 47. седница на Советот, во чии рамки се разгледуваше единствената точка на дневниот ред која се најде пред советниците од Општина Карпош. Станува збор за Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на на Општина Карпош кој се однесува на првиот квартал за 2024 година, односно за тримесечјето од 1. јануари до 31. март.**

**Според податоците од Извештајот, во колоната за Планирање се содржани вкупните приходи кои се планирани со Буџетот за 2024 година во износ од 1.278.390.000 денари, додека пак во колоната за Реализација се прикажани реализираните приходи за првиот квартал, во износ од 329.721.124 денари. Оттука, во општинскиот Буџет се планирани приходите во износ од 586.338.000 денари, при што за првиот квартал е остварена реализација на приходите во висина од 169.796.047 денари.**

**Притоа се бележат приходи на конто 711 односно Данок од доход од добивка и капитални добивки, (каде влегува данок од плати и други примања на правни и физички лица) при што се добиени вкупни средства во износ од 8.248.486 денари. Исто така, прокнижени се и приходи на конто 713 – Даноци на имот поточно, (даноци на недвижен имот, на наследство и подарок, на промет на недвижности и права, како и казни и камати за доцнење во плаќање на даноци од имот) од каде се добиени вкупни средства во износ од 46.468.765 денари.**

**Приходи во вкупен износ од 100.658.436 денари доаѓаат на контото 717 поточно од Даноци на специфични услуги, каде спаѓаат комунални такси за истакнување на фирми, за регистрација на возила, потоа за јавно осветлување, како и надомест за уредување на градежно земјиште и други комунални такси.**



# ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ СЕ НОВИТЕ ШАМПИОНИ ВО ФУДБАЛ

**На игралиштето во населбата Влае се одиграа финалните пресметки од училишната фудбалска лига на основните училишта во Општина Карпош. И покрај тоа што веќе од претходно се знаеше овогодинешниот првак, насобраната публика на споменатото игралиште беше сведок во динамичната и квалитетна игра на фудбалски натпревари меѓу основците од Општина Карпош. Оваа година, младите фудбалери од ООУ „Петар Поп Арсов“ го освоија шампионскиот трофеј, откако триумфираа и на последниот натпревар наспроти екипата на ООУ „Војдан Чернодрински“ со резултат 5-0. На втората позиција се пласираше ООУ „Братство“ откако во ремито со „Владо Тасевски“ крајниот исход беше 3-3. Третото место на табелата им припадна на фудбалерите од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ по победата над ООУ „Вера Циривири Трена “ со резултат 2-1 за потврда на третото место од табелата . На крајот од денешните натпревари беа доделени индивидуалните награди за најуспешните фудбалери од училишната спортска лига во фудбал. Како најсигурен меѓу стативите, беше прогласен голманот Дарио Карамачевски од ООУ „Лазо Трповски“. За најпрецизен на овие натпревари, односно како најдобар стрелец во фудбалските пресметки на карпошовите основни училишта беше прогласен Јусуф Љазими од ООУ „Братство“ со 33 постигнати голови, а од истото основно училиште признанието за најталетиран играч заврши во рацете на Ренато Амет. Така, оваа година фудбалерите на ООУ „Петар Поп Арсов“ кои беа во одлична и постојана форма во текот на целата сезона на крајот заслужено го подигнаа шампионскиот трофеј. Додека, пак, најзначајниот индивидуален пехар, односно како најдобар играч на фудбалската училишна лига 2023/2024 беше прогласен Давид Георгиевски од тимот на овогодинешните шампиони.**



# ОДБОЈКАРКИТЕ ОД „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ ШАМПИОНИ ЗА ОВАА СЕЗОНА

**Во малата сала на СРЦ „Борис Трајковски“ се одиграа завршните финални мечеви од одбојкарското натпреварување во женска категорија меѓу основните училишта од Општина Карпош. Во одличен натпревар, со фантастична атмосфера и мотивирана игра за победа во финалето силите ги одмерија одбојкарките од ООУ „Владо Тасевски“ и ООУ „Јан Амос Коменски“. Екипата на основките од Тафталиџе 1 со резултат 25-19 го освои првиот сет, додека вториот сет им припадна на одбојкарките од минатогодишниот шампион ООУ „Владо Тасевски“.**

**Вториот сет заврши со 25-19 за шампионите од минатата одбојкарска сезона и следствено на тоа мораше да се одигра и третиот одлучувачки сет во салата исполнета со navivачи на двата одбојкарски тимови. После покажаниот квалитет и во одлучувачкиот трет сет одигран со шампионско темпо, победата ја однесоа основките од „Владо Тасевски “ откако го добија со резултат 15-7 и се промовираа себеси во ново-стар одбојкарски шампион. Пред финалниот меч, се одигра и малото финале меѓу одбојкарките од ООУ „Војдан Чернодрински“ и ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“. На одличен натпревар во фер – плеј игра подобри беа девојките од „Чернодрински“кои триумфираа над одбојкарската екипа на ХТК со 2-0 во сетови и го освоија третото место на натпреварувањата во одбојка меѓу основните училишта од Општина Карпош. По завршувањето на натпреварите, за талентираните и квалитетни одбојкарки на овогодинешното натпреварување, организирано од Општина Карпош, им беа доделени и индивидуалните признанија. Како најкорисен играч беше прогласена Матеа Василевска од „ Јан Амос Коменски “ додека за најталентирана одбојкарка е избрана Моника Велкова од ООУ „Војдан Чернодрински “. Најдобар играч во одбојкарските натпреварувања за сезоната 2023/24 беше прогласена Јана Илиевска од екипата на општинските шампионки за оваа година.**



# НАСТАВНИЦИТЕ ОД КАРПОШ ЌЕ ЈА ЗАЈАКНУВААТ САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТАИНСТИТУЦИИ

**Во рамки на основните училишта „Братство“, „Војдан Чернодрински“ и „Аврам Писевски“ од 15-ти до 17-ти април се одржа обука, на која активно учествуваа 47 наставници од сите десет основни училишта кои функционираат на територија на општина Карпош. Станува збор за еден вид на стручна подготовка на наставниот кадар од училиштата во Карпош, со цел да се зајакнат нивните капацитети при примена на мерките за сајбер безбедност.**

**Обуките во училиштата се имплементираа како дисеминација на претходно спроведениот проект на Аналитика, насловен како „Развој на културата на сајбер безбедност во образовниот систем на Северна Македонија“. Поддржувач на проектот е Фондацијата Отворено општество – Македонија, а обуката ја спроведоа Маја Христовска и Ана Дионисиева кои притоа ја презентираа едукативната алатка „Безбеден Интернет“. Инаку, Карпош е првата општина во која ќе се промовира оваа мобилна апликација, а истата достапна на платформата Play Store: https://shorturl.at/huBCK**



# ОПШТИНА КАРПОШ Е ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНОТО СОВЕТОДАВНО ТЕЛО НА ПРОЕКТОТ „ТРАНСИТ“

**Претставници од Секторот за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош оваа недела учествуваат на редовниот координативен состанок на проектот ТРАНСИТ – Транзиција кон одржлива иднина преку тренинг и едукација (Transition to sustainable future through training and education – TRANSIT), како составен дел од Меѓународното советодавно тело на овој проект.**

**На работната средба беа разменети позитивни искуства, знаења и добри практики за развој на одржливи програми и примена на различни технологии на обновливи извори на енергија и гориво. Проектот има за цел да обезбеди одржливи програми за обука и доусовршување за сегашните и идните генерации преку мултидисциплинарен пристап во обновлива енергија и енергетска ефикасност.**

**Проектот е финансиран од Европската Комисија во рамки на програмата за истражување и иновации ХОРИЗОН 2020. Истиот се спроведува во осум европски земји или поточно во Англија, Шпанија, Малта, Кипар, Хрватска, Црна Гора, Србија и Македонија. Во рамки на проектот учествуваат и претставници од универзитетите, индустријата, училиштата и локалните заедници. Во нашата земја, проектот го спроведува од Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје, со поддршка на ЕВН Македонија и Општина Карпош.**



# ОСНОВЦИТЕ ОД „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ СЕ НОВИТЕ ШАМПИОНИ ВО КОШАРКАИНСТИТУЦИИ

**Во драматична завршница од финалето, кога буквално до последната секунда од натпреварот беше неизвесно кој ќе биде овогодинешниот победник на училишната кошаркарска лига на Карпош, тимот на ООУ „Владо Тасевски“ ја совлада екипата на ООУ „Јан Амос Коменски“ со еден кош разлика, со што го постави конечниот резултат од 50:49 во своја полза.**

**Финалниот меч помина во одлична атмосфера со изедначени сили на теренот, за што говори и статистиката по завршените четвртини. Имено, сè до последната четвртина, водството беше во рацете на младите кошаркари од „Коменски“. Првата четвртина, тимот од Тафталиџе ја доби со 14:13, додека пак на полувремето резултатот беше нерешен (25:25). Третата четвртина заврши со предност од три поени во корист на тимот на „Коменски“, така што кошаркарите го одржуваа водството до третата минута пред крајот на финалето. Меѓутоа во последните три минути, екипата од „Владо Тасевски“ со поголема концентрација и со одличен пресинг под обрачите, го совлада својот ривал и на крајот сосема заслужено го подигна победничкиот пехар.**

**Претходно, се одигра малото финале во кој кошаркарите од ООУ „Петар Поп Арсов“ го освоија третото место, совладувајќи ги своите соперници од ООУ „Војдан Чернодрински“ со 10 поени разлика (39:29).**



## РЕГИОНАЛНА ОБУКА ЗА ЗАЈКНУВАЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕТО И ЛОБИРАЊЕТО

**Претставник од Секторот за екологија и енергетска ефикасност од Општина Карпош, деновиве присуствуваше на тридневната обуката која ја одржа Регионалната мрежа за развој на капацитети за водоводни и санитарни услуги (RCDN). Станува збор за стручно предавање чија цел беше зајакнување на професионалната соработка меѓу  партнериоте од Косово, Србија и Македонија, презентирајќи ги алатките кои се неопходни за ефективно застапување во сферата на јавните политики.**

**На предавањата, учесниците од регионот се вклучија во динамичната програма, која беше дизајнирана да го продлабочи нивното разбирање за застапувањето и да ги подобри нивните вештини за лобирање. Обуката понуди мешавина од теоретско знаење, заедно со ангажирани практични вежби кои ја спроведуваат теоријата во пракса. Притоа, учесниците во рамки на обуката симулираа кампањи за застапување, создавајќи динамична средина за тестирање и усовршување на нивните пристапи. Примерите од реалниот свет служеа и како инспирација и инструкција, покажувајќи ја трансформативната моќ на добро извршените напори за застапување.**

**Фокусот беше насочен кон застапувањето кое е засновано на докази, каде што учесниците практично научија како да користат суштински документи, какви што се компаративната анализа и анализите на трошоци и придобивки. На тој начин, партиципиентите во иднина ефективно ќе ги подобрат нивните напори за застапување. На крајот, обуката ги опреми учесниците со алатки, стратегии и знаења неопходни за успешно да се движат низ сложениот пејзаж на застапувањето на јавните политики.Инаку, Општина Карпош учествуваше на обуката како дел од мрежата на ЗЕЛС, заедно со претставници од општините Центар и Гази Баба.**



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОШТЕТЕНИТЕ КЛУПИ НА ПЛОШТАДОТ ДЕЛФИНА

**Општина Карпош повторно испрати екипи на теренот за да ја санираат оштетената урбана опрема на плоштадот Делфина во населбата Влае, која тенденциозно се уништува во изминатиов период. Имено, во последниве два месеци локалната самоуправа интервенирала на оваа локација дури четири пати, со цел да ги врати демолираните реквизити во првобитна состојба.**

**Бидејќи девијантното однесување на несовесните граѓани не запре, стручните служби од Општината испратија официјален допис до полициската станица Карпош, при што побараа поголемо присуство на полициските службеници во тој реон, особено во подоцнежните часови. Со оглед на тоа што станува збор за инвентар којшто е во јавна сопственост на сите жители на општина Карпош, апелираме до граѓаните да се однесуваат примерно и совесно да ја користат урбаната опрема (клупи, корпи за отпадоци и сл.) бидејќи истите се поставени да служат за нивно плодоуживање.**



# ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ ИГРИ ПО 13-ТИ ПАТ

**На спортското игралиште ,,Алумина”, денеска, по тринаесетти пат се одржаа пензионерските спортски игри во Карпош. На оваа традиционална манифестација, која е во организација на Одделението за спорт и култура при Општината, се дружеа членовите од двете карпошови пензионерски здруженија, ,,Карпош” и ,,Тафталиџе’’ и си ги одмерија силите во неколку спортски активности.**

**Лицата од третото доба, се натпреваруваа во дисциплините шут на гол мажи и жени, а ги одмерија своите сили и во пикадо, фрлање ѓуле, трчање на 60 и 80 метри мажи и жени, додека пак мажите се натпреваруваа во дисциплината скок од место, како и влечење јаже.**

**Во рамки на овој спортско-рекреативен настан, беа доделени дипломи и пехари за најдобрите натпреварувачи, а останатиот дел од денот беше резервиран за дружба и добро поминато време.**



## РОДЕНДЕНСКА ИЗЛОЖБА НА ОЛДТАЈМЕРИ

**Под покровителство на Општина Карпош, а во организација на клубот ,,Буба Клуб Македонија", кој денеска прославува 14 години од своето постоење, се одржа средба на сопствениците на олдтајмери, на плоштадот ,,Делфина" во населбата Влае. Граѓанската асоцијација – Клуб на историски возила ,,Буба клуб – Македонија" , е формиран во 2010 година, и оттогаш па наваму, клубот бележи низа активности, а истиот секојдневно се збогатува со сопственици на популарната фолксваген Буба, како и љубители на олдајмерите.**

**Клубот за прв пат во историјата на Македонија е формиран со иницијатива на неколку члена со цел да се обединат сите сопственици на "Буба" возилата во Македонија, преку кој ке можат да ги прикажат вистинските вредности на ова легендарно возило на сите времиња како синоним за квалитет, издржливост, симбол на мирот и генерациите.**

**На собирот беа изложени повеќе од 60 возила и 100-тина учесници од разни клубови, од целата држава (ОТК "Пежо 404 Клуб", "Gentleman's Crew Skopje", "Kings of the street – Велес", "Струмица Ретро Клуб", "2CV Спачек Клуб Скопје", "Олдтајмер Витези од Куманово", "Љубители на Класик Мини") како и неколку олдтајмер клубови од регионот, како: ОТК "Врање", ОТК "Ниш", ОТК "Врњачка бања" од Србија, ОТК "Призрен" од Косово и Ретро Албанија.**

**Денешниот двочасовен настан, беше збогатен и со настап на ансамблот "Никола Јонков Вапцаров".**

